Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: ____________

Датум: ______________

До
[redacted])

**Предмет: Известување**

**Врска (Ваш број):**

Почитуван,

До Инспекцискиот совет е пристигнато Ваше Повторно Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-715/1 од 14.08.2024 година, во кое Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]) и по пошта, фотокопија од следната информација:

„Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Во Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено во Советот под бр. 03-679/2 од 26.07.2024 година е наведено дека информацијата која е предмет на Барањето е информација која не е создадена од страна на Советот, ниту информација со која Советот располага.

Уште еднаш да напоменам дека барните информации од јавен карактер се констатирани во одговор на препраќање на пријава заведена во инспекцискиот совет под бр. 03-542/2 од 12.06.2024 година врз чија основа од страна на Советот е граден одговорот.

Согласно таквата ситуација, Советот не би требало да дава одговор без да располага со содржината на таквите информации од јавен карактер.

Исто така, Советот не констатирал која институција ги создал бараните информации од јавен карактер, иако е видно дека голем дел од настаните (состаноците) се одржани во просториите на Советот а во сите активност бил учесник Инспекцискиот совет.

Доколку Советот ценел дека бараните информации од јавен карактер не ги создал Советот, истиот бил должен барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер да го препрати до институцијата коа располагала со информацијата од јавен карактер.

За таа цел барам, информациите од јавен карактер кои биле создадени од Советот да ми бидат доставени, додека за другите информации од јавен карактер за кои Советот цени дека не ги созадал да посочи која информација која институција ја создала и да го препрати барањето до надлежната институција со цел истата да одговори на поднесеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со решение заведено во инспекциските совет под бр. 03-679/2 од 26.07.2024 година не е постапено во согласност со барањето ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, па од тие причини го доставувам оваа повторно барање и барам да постапите согласно позитивните законски прописи."

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-715/1 од 14.08.2024 година и во однос на истото Ве информираме дека согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019), имателот на информацијата е должен да го извести барателот на информацијата во однос на барањето за пристап до информации ако по барањето веќе одговорил позитивно на исто или слично барање на истото лице во рок од три месеци пред денот на приемот на барањето.

Согласно наведеното, Ве известуваме дека Инспекцискиот совет согласно Вашето Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-679/1 од 26.07.2024 година, по пошта и е-маил Ви достави Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-679/2 од 13.08.2024 година, во кое е наведена бараната информација.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил/а: Андријана Алексова, советник

Проверил/а:Маја Срезоска, раководител на Сектор